


***ВМРО-ДПМНЕ прославува 31 години од основањето-(17.06.1990-2021 г.)***

Во текот на изминатите години ВМРО ДПМНЕ постојано растеше, се надградуваше, за да денес таа да е најголемата партија во Македонија. Без разлика дали била во опозиција или на власт, од основањето до денес, даде огромен допринос во изградбата на суверена и независна македонска држава.Заслугата што денес македонскиот народ има своја самостојна и независна држава, своја армија, своја валута, сопствена дипломатија и македонски репрезентации во повеќе спортови, кои ја афирмираат земјата во светот, ја имаат голем број македонски патриоти токму од ВМРО ДПМНЕ.

За жал многумина од нив, кои дадоа огромен допринос за надминување на пречките со кои се соочуваше државата по осамостојувањето, денес не се меѓу живите. Денес го нема идеологот на ВМРО-ДПМНЕ Драган Богдановски и многу други сопартијци и патриоти кои се вложија во ВМРО-ДПМНЕ, кои го трасираа патот по кој денес партијата чекори.

Сепак, нивните жртви не беа залудни. Нивниот лик и дело живее во ВМРО ДПМНЕ, а

нивниот дух дава сила да се истрае во најтешките моменти и да се чекори само напред. Нивната пожртвуваност и љубов кон татковината, беа пример за младите поколенија, кои се нафатија да го продолжат нивното дело, да ја развиваат демократијата во земјата, да ја изградат Македонија во модерна европска земја.

ВМРО ДПМНЕ ги продолжи традициите на славната ВМРО и стана вистински чувар на аманетот на нашите претци, учесници во борбата на македонскиот народ за создавање на самостојна и национална држава.

Од Основачкото собрание на 17 јуни 1990 година до денес, ВМРО ДПМНЕ секогаш била прва на браникот на татковината. За цело време од осамостојувањето до денес, македонскиот народ континуирано му даваше масовна поддршка на партијата ВМРО ДПМНЕ, која стана репер за успех. Меѓутоа, како во секоја успешна приказна, така и во ВМРО ДПМНЕ има покрај успеси и падови.

Политичките опоненти кои не можеа да се помират со фактот дека некој е подобар од нив и дека народот ги сака, ја продадоа душата на одредени центри на моќ со чија помош и разни интриги ја дофатија власта на последните парламентарни избори, иако на истите изгубија.

ВМРО ДПМНЕ го дочекува 31 роденден разочаран од предавничките политики на Зоран Заев и неговата СДС кога е во прашање иднината на Македонија, но и исполнет со надеж дека и ова премрежје, како и многупати досега со помош на мудриот македонски народ успешно ќе го надмине.

ВМРО ДПМНЕ и нејзиниот лидер Христијан Мицкоски се наоѓаат на браникот на татковината.На македонскиот народ му е потребно ВМРО ДПМНЕ, како што и на партијата му е потребен секој Македонец, бидејќи само единствени и сплотени можат да се одбранат и да ги остварат виталните национални интереси.

Само така, не би се изневерило делото на сите кои работеле а многу го дале и животот за Македонија вклучувајќи го и Драган Богдановски, основоположникот на ВМРО ДПМНЕ, кој цел живот и го посветил на својата татковина Македонија.

## ВМРО-ДПМНЕ нека ти е среќен 31-тиот роденден!

***Македонска нација***













***Фотографи: Киро Кипроски***